Република Северна Македонија
Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје
Медицински факултет во Скопје

Republic of North Macedonia
Ss. Cyril and Methodius University in Skopje
Faculty of Medicine in Skopje

Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје
МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ
Република Северна Македонија
Бр. 02-4811/1
25.10.2023 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 163 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија број 82/18 и Службен весник на Република Северна Македонија број 178/21), одлуката од Наставно-научниот совет на Факултетот бр. 02-2860/24 од 20.06.2023 година и член 20 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник број 411 од 05.11.2018 година и 426 од 3 јули 2019 година), в.д. Деканот на Медицинскиот факултет во Скопје распишува

# ИНТЕРЕН КОНКУРС
## *за избор на демонстратори*

1. Се распишува интерен конкурс за избор на демонстратори, како помошници во наставно-образовниот процес на првиот циклус студии, а за потребите на Медицинскиот факултет во Скопје за учебната 2023/2024 година, и тоа за:

***I. Катедра за медицинска физика*** – 2 демонстратори за:

- предметот *Биофизика,* за студентите по Општа медицина
- предметите: *Биофизика, Радијациона физика* и *Општа фотографија* за студентите на тригодишните стручни студии

**2. Кандидатите треба да ги исполнуваат следниве услови**:

- да се студенти на втор или трет циклус на студии од соодветната студиска програма со остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на додипломските академски студии и да се дипломирани на Природно математичкиот факултет во Скопје – отсек физика.

**3. Потребни документи на кандидатите:**

- пријава во која ќе биде назначена Катедрата за која се пријавуваат;
- кратка биографија;
- државјанство (копија);
- уверение за завршени додипломски студии - копија заверена на нотар;
- диплома за завршени додипломски студии - копија заверена на нотар;
- потврда дека е студент на втор или трет циклус на студии.

Пријавата со потребните документи се поднесува до Архивата на Медицинскиот факултет во Скопје најдоцна во рок од 5 (пет) дена од денот на објавување на огласот.

**в.д. Декан**
Проф.д-р Светозар Антовиќ